Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 454/0306
07.12 2018 год.
Скопје

07.12.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 декември 2018 година, врз основа на примена жалба од Емилија Лазаревска, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „ДоказМ.мк“, со текстот насловен „Анима Мунди се грижеле за благосостојба на животните, ги вдомувале, ги лекувале, ги згрижувале, помагале колку што можат да се тргнат од улица (море човек да земе еден стап, па удри по вас, серковци едни)“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 10, 15 и 16.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 7 ноември 2018 година, Емилија Лазаревска, поднесе жалба за текстот насловен „Анима Мунди се грижеле за благосостојба на животните, ги вдомувале, ги лекувале, ги згрижувале, помагале колку што можат да се тргнат од улица (море човек да земе еден стап, па удри по вас, серковци едни)", објавен на 6 ноември 2018 година, на интернет порталот „ДоказМ.мк" (www.dokazmk.online).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување и навреда и дека во него се повредени авторски права.

Лазаревска во жалбата посочува дека „ДоказМ.мк" ја презел нејзината колумна без дозвола, и со тоа, грубо ги нарушил нејзините авторски права. Таа, меѓу другото, забележува и дека текстот содржи злоупотреба и омаловажување.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „ДоказМ.мк" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „ДоказМ.мк" не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10, 15 и 16:

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста".*

***Член 16:*** *„Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги своите колеги".*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 декември 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека насловот и воведниот дел на текстот изобилуваат со непримерен говор, а авторот, кој не е потпишан на текстот, користи нестандарден новинарски јазик, чија цел, во основа, е да навреди и да исмее.

Членовите на Комисијата се согласија дека се работи за целосно непрофесионален и неетички новинарски производ, кој освен навредливиот наслов и непримерниот вовед, всушност, единствено се сведува на пренесенување колумна на уредничката на интернет порталот „Ако“, новинарката Емилија Лазаревска.

Комисијата утврди дека во текстот е прекрешен членот 10 од Кодексот на новинарите, во кој, особено се издвојува насловот на текстот:

***„Анима Мунди се грижеле за благосостојба на животните, ги вдомувале, ги лекувале, ги згрижувале, помагале колку што можат да се тргнат од улица (море човек да земе еден стап, па удри по вас, серковци едни)“***

Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус.

Понатаму, Комисијата заклучи дека авторот во оспорениот текст користи непримерен речник кон својот колега, во случајов, кон новинарката Емилија Лазаревска, на начин, со кој, отстапил од моралните стандарди на публиката на која и се обраќа. Оттука, членовите на Комисијата констатираа дека во новинарскиот производ се прекршени и членовите 15 и 16, чие отстапување е нагласено во воведниот дел од текстот:

***„А, тебе посерке една кога ќе поминеш исто како фамилијата на ова девојче, дојди, па брани ги кучињата, како и до сега глуперди невидени. Еве, што напиша оваа глупача“.***

Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавност. Овој принцип, секако, не би требало да го детерминира или ограничи правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување, се додека тој не е навредлив и непримерен за публиката.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Ниту новинари, ниту уредници, не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Во однос на наводите на подносителот на жалбата дека во текстот се повредени авторски права, Комисијата се согласи дека нема такво прекршување, од причина што медиумиот, иако со навредлив контекст, сепак го навел името и презимето на авторот на колумната.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmk.online), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595